РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2247/1
19-06-2026 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 33-та седница одржана ден 11.06.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1828/1 од 27.06.2025 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што нема елементи за надлежно постапување согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пријавата да се достави на надлежно постапување до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија и Министерството за труд и социјална политика, демографија и млади.

Предметот со број 12-1828/1 од 07.06.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава од познат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконско постапување во постапка за остварување на правото на пензија од страна на нејзината мајка -------------------------. Во пријавата подносителот наведува дека нејзината мајка со 35 години работен стаж, остварила право на пензија во износ од само 6000 денари, поради тоа што во период од 2002-2006 година не и биле исплатени придонеси за осигурување.

Државната комисија оцени дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност да постапува по пријавата. Имено, Државната комисија согласно со чл.17 од Законот за спречување на корупција и судир на

интереси меѓу останатото постапува и по пријави со сомнежи за корупција и судир на интереси. Во конретниот случај пријавата не содржи такви наводи, туку во истата се изразува незадоволство од висината на остварена старосна пензија, за кое право се наведува дека било остварено во 2006 година. Поради тоа, одлучи истата да ја достави на надлежно постапување до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија и Министерството за труд и социјална политика, демографија и млади.

Од погоре наведените причини, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата